Приватна агенција за вработувања
ЕГЗЕКЈУТИВ СРЧ ЛИЗИНГ
Бр 0302/2-5/2024
09. 02. 2024 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 15-503/3
09-02-2024 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
## за ангажирање на агенција за привремени вработувања

1. **Општина Кисела Вода,** ул. Петар Делјан бр.17 Скопје, со ЕДБ:4030004567650 и ЕМБС:5995221 претставувана од Градоначалникот Орце Ѓорѓиевски (во понатамошниот текст *Договорен орган*) и

2. **Приватна агенција за вработувања ЕГЗЕКЈУТИВ СРЧ ЛИЗИНГ –Скопје,** со седиште на ул. Доситеј Обрадовиќ 1/8, со ЕДБ 4030006617396 и ЕМБС 6173845, застапувана од Управител Горан Паздријан, во понатамошниот текст (Носител на набавката – давател на услуги).

### ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ
Член 1

Со овој Договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со вршење на услугата за ангажирање на агенција за привремени вработувања, а по спроведена Поедноставена отворена постапка,оглас бр. 00440/2024 која се спроведува преку ЕСЈН и завршува без спроведување на електронска аукција.

Предметот на овој договор ќе се реализира во согласност со понудата која е составен дел на овој Договор.

Член 2

Агенцијата за привремени вработувања може врз основа на овој договор за отстапување работник да му отстапи работник на користење на услугите за вршење на привремени работи во случај на:

- замена на привремено отсутен работник
- привремено зголемен обем на работа
- работа на проект
- сезонска работа и
- други случаи опфатени со Законот за Агенции за привремени вработувања.

### ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ
Член 3

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.

Целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

### ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ
Член 4

Надоместокот за користење на услугите – месечна провизија изразена во проценти, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, изнесува 5 % без ДДВ, односно 5,9% со вклучен ДДВ од бруто платата на секој работник поединечно.

Вредноста на договорот за јавна набавка на услуга за отстапување на работници од агенција за привремени вработувања, по спроведената Поедноставена отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка, не смее да го надмине износот на проценетата вредност на набавката од 4.200.000,00 денари бруто износ во кој износ се пресметани сите давачки и процентот на провизија.

### ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ
Член 5

Важноста на договорот започнува од 01.04.2024 година и важи до 31.07.2024 година или до целосно исцрпување на финансиските средства во зависност што прво ќе настапи.

### ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА
Член 6

Носителот на набавката е должен (предметот на договорот) агенциските услуги за привремени вработувања да ги извршува сукцесивно, по барање и зависно од потребите на

договорниот орган. Извршувањето на услугата ќе се одвива на начин што договорниот орган доставува до агенцијата писмено барање со специфицирано работно место со опис на работи и задачи кои треба привремено да се обавуваат (со наведен рок) како и наведена стручна подготовка односно определени квалификации соодветни за обавување на работите и задачите согласно актот на Систематизација на договорниот орган. Носителот на набавката во рок од најмногу 5 дена е должен да достави до договорниот орган понуда од три лица за секое барано работно место кои би одговарале за наведените работи и задачи. Договорниот орган самостојно избира кое лице ќе го ангажира од понудените во зависност од природата на работите и задачите, а потоа склучува Договор за отстапување на работник со агенцијата за привремени вработувања согласно Законот за Агенциите за привремени вработувања.

## ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 7

Обврски на договорниот орган се следниве:

- Да достави до Носителот на набавката барање за потреба од работник, во писмена форма (факс, е-пошта или лично на рака),
- Барањето треба да ги содржи сите податоци од важноста на работното место: назив, работно време, времетраење на работата, работа во смени, плата, погодности поврзани со работното место кои ги нуди работодавецот, потребни квалификации кои кандидатот треба да ги исполнува во поглед на стручната подготовка, работното искуство, познавањето странски јазици и останати квалификации кои потенцијалните кандидати треба ди ги исполнуваат и времетраењето на договорот за вработување;
- Барањето мора да биде потпишано од одговорното лице и истото да биде заверено со печат;
- Да обезбеди средства за плата, придонеси и други додатоци и надоместоци за периодот за кој што му е истапен работникот согласно законот и колективниот Договор;
- Одговорен е за управување и надзор над работата што ќе ја врши привремениот работник;
- Должен е да ги обезбеди просториите, опремата и средствата за работа во кои или со кои привремениот работник треба да ја извршува работата и да обезбеди инструкции за извршување на работата на привремениот работник;
- Во однос на привремениот работник, Носителот на набавката се јавува како работодавец во таа смисла треба да ги почитува обврските во поглед на заштитата при работа, согласно прописите за работните односи и заштита при работа.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 8

Обврски на Носителот на набавката се следниве:

- Во целост да ги исполнува и почитува барањата на договорниот орган наведени во барањето за ангажирање на привремен работник и за потребите на договорниот орган да отстапува работници кои ги исполнуваат потребните квалификации;
- Во случај да не може да обезбеди работници кои ги исполнуваат бараните квалификации согласно барањето за ангажирање на привремен работник веднаш, а најдоцна во рок од 3 (три) дена, да го извести договорниот орган;
- Да ги обезбеди сите права по основ на работен однос кои произлегуваат од Законот за Агенции за привремени вработувања, Законот за работни односи, Колективниот договор и другите прописи кои важат за вработените кај договорниот орган;
- Веднаш по приемот на пресметката на платата и придонеси од платата за отстапениот работник, доставена од страна на договорниот орган, но не подолго од 2 (два) работни дена, да достави фактура зголемена за надоместокот на услугите на Агенцијата;
- На отстапениот работник редовно да му ја исплатува платата, придонесите за социјално осигурување, надоместоците на платата, во рокот предвиден во тендерската документација , како и да го извести Договорниот орган за извршената исплата на плати со доставување на копија од исплатена листа;
- Да доставува исплатена листа за плата и сини картони до отстапените работници најдоцна 7 (седум) дена од денот на исплатата на плата;
- Во случај на доцнење во поглед на рокот од алинеја 5 на овој член, на отстапениот работник да му плаќа законска затезна камата како и да ја надомести евентуалната

штета доколку истата поради задоцнувањето е поголема од износот што би се добил на име законска затезна камата од сопствени средства;

- Да обезбеди осигурување од последици на несреќен случај – незгода во друштво за осигурување – осигурувач со премија во износ од 150,00 денари месечно кои се задржуваат од нето платата на отстапениот работник, при што осигурувањето да трае 24 часа и за цело време додека отстапениот работник е работно ангажиран кај договорниот орган;
- Дека ниту под еден услов освен со писмена изречна согласност од страна на договорниот орган нема да го замени привремено отстапениот работник или да го откаже договорот за вработување и
- На барање на договорниот орган да го откаже договорот за вработување пред времето определено со договорот, а поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски со или без отказен рок во зависност од видот на повредата, односно неисполнувањето на работните обврски, согласно одредбите на Законот за работните односи и другите прописи кои важат за вработените во Општина Кисела Вода – Скопје.
- Носителот на набавката е должен со личните податоци кои ќе му бидат доставени од договорниот орган да постапува согласно Законот за заштита на лични податоци.

## ДОВЕРЛИВОСТ

Член 9

Под Доверлива информација се подразбираат комерцијалните детали од овој Договор како и сите информации, податоци и новости разменети помеѓу Страните врз база на или во врска со овој Договор. Информациите нема да се сметаат за доверливи доколку истите се: (а) факти кои се внесени во овој Договор, (б) документи или информации кои биле, се или ќе бидат генерално достапни за јавноста без кршење на обврските помеѓу Страните, (в) документи или информации кои биле, се или ќе бидат достапни до Страната врз основа на недоверливи информации.

Член 10

Страните ќе ги третираат доверливите информации со истиот степен на грижа и доверливост како за сопствени деловни тајни. Ниедна Страна нема да објави доверлива информација на другата Страна кон трета страна без претходно писмено одобрување од другата Страна.
И покрај обврската за доверливост, Страната може да обелодени доверлива информација на трета страна ако страната или некој од нејзините вработени се обврзани со закон да ја обелоденат таквата доверлива информација.

## ОБВРСКА ЗА ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ

Член 11

И двете страни ќе се придржуваат до целото позитивно законодавство, правила и регулативи (вклучувајќи ги тие што се поврзани со заштитата на лични податоци) во врска со услугата обезбедена со овој Договор. Двете страни се обврзани да ги спроведуваат сите технички и организациски мерки за заштита на лични податоци во согласност со релевантните прописи на Република Македонија .

Член 12

Носителот на набавката е должен за целокупното времетраење на овој Договор да има важечка лиценца „А“ издадена од Министерството за труд и социјална политика.

## ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 13

Во случај на доцнење договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна- пенали.

Договорната казна се определува во висина на 0,1 % од вредноста на неизвршената услуга за секоја започната недела за првите две недели, односно 0,5% за секоја следна недела задоцнување, но не повеќе од 5% од вредноста на услугите.

За штетата што ќе му настане на Договорниот орган поради не уредно извршување на обврските од овој договор, извршителот на услугите му одговара на Договорниот орган.

## ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

Член 14

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- количини и опис на услугите, дефинирани како во член 2 од договорот;
- вкупна цена на ф/ра;
- пресметка на ДДВ;
- вкупна цена за исплата по ф/ра; и
- валута на плаќање.

## НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 15

Плаќањето е сукцесивно, по достава на фактурата во архивата на договорниот орган. Фактурите се доставуваат во период од 01-ви до 05-ти во тековниот месец за претходниот месец. Во фактурите се содржани елементи за бруто платата на привремено отстапениот работник и пресметаниот процент од 5% без ДДВ, односно 5,9% со вклучен ДДВ провизија на агенцијата за привремено вработување. Во прилогот на фактурата е пресметка на бруто плата.

## ВИША СИЛА

Член 16

Договорниот орган и Носителот на набавката се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Закон за Облигациони односи.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 17

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена, спорот ќе се решава пред Основен суд Скопје 2 Скопје.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 18

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот. Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

## КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 19

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

## ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 20

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи, Законот за агенциите за привремени вработувања, Законот за работни односи и другите позитивни законски прописи во Република Македонија.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 21

Измени и дополни на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Овој Договор може да се менува во текот на неговата важност согласно член 119 од Законот за јавни набавки (Сл. Весник на РМ бр.24/2019).

Член 22

Овој Договор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци од кои по 4 (четири) за договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

Одобрил,
Секретар на Општина Кисела Вода
Мирко Ивановски

**ДОГОВОРЕН ОРГАН**
Општина Кисела Вода
Градоначалник

Орце Ѓорѓиевски

**НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА**
ЕГЗЕКЈУТИВ СРЧ ЛИЗИНГ Скопје
Управител

Горан Паздријан

Прилог 1 – Образец на понуда

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот објавен од страна на **Општина Кисела Вода, со адреса на ул. Петар Далјан бр. 17 - 1000 Скопје** за доделување на договор за јавна набавка на услуги **Агенција за привремени вработувања** со спроведување на Поедноставена отворена постапка, со електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk), и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

## П О Н У Д А

**Дел I – Информации за понудувачот**

| | |
|---|---|
| I.1. Име на понудувачот: | **Приватна агенција за вработувања ЕГЗЕКЈУТИВ СРЧ ЛИЗИНГ Скопје** |
| I.2. Контакт информации | |
| Адреса: | **ул. Доситеј Обрадовиќ 1/8, СК – К. Вода** |
| Телефон: | **2 700 425** |
| Факс: | **2 700 424** |
| Е-пошта: | **ap@esc.com.mk** |
| Лице за контакт: | **Анета Паздријан** |
| I.3. Одговорно лице: | **Горан Паздријан** |
| I.4. Даночен број: | **4030006617396** |
| 1.5 ЕМБС: | **6173845** |
| I.6. Жиро сметка: | **380130556000175 депонент на ПроКредит Банка.** |

**Дел II – Техничка понуда**

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве услуги: **услуги за привремени вработувања**

---

**Дел III – Финансиска понуда**

III.1 Цената на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува **5 %** [со бројки] **(пет проценти)** [со букви] (агенциска провизија изразена во процент од износот на бруто износот на платата).

**НАПОМЕНА:**
**Економскиот оператор во Образецот на понуда ја внесува цената изразена како % процент на висината на провизијата од бруто износот на платата.**

III.2. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација.

III.3. Со поднесување на оваа понуда во целост ги прифаќаме условите предвидени во огласот, тендерската документација и не го оспоруваме Вашето право да ја поништите постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно со член 114 од Законот за јавните набавки.

Место и датум
Скопје, 31.01.2024 година

Одговорно лице*
Горан Паздријан, Управител

(потпис)

Приватна агенција за обезбедување ЕГЗЕКЈУТИВ СРЧ ЛИЗИНГ * СКОПЈЕ *

X

Горан Паздријан
Управител

* Овој образец треба да биде потпишан електронски со користење на квалификуван сертификат за електронски потпис чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него